# „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, пропиша зекатул фитр во количина од еден саʿа урми или еден саʿа јачмен – за роб и слободен, за маж и жена, за дете и возрасен од муслиманите. И нареди да се подели пред излегувањето на луѓето на намаз.“

Од Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, се пренесува дека рекол: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, пропиша зекатул фитр во количина од еден саʿа урми или еден саʿа јачмен – за роб и слободен, за маж и жена, за дете и возрасен од муслиманите. И нареди да се подели пред излегувањето на луѓето на намаз.“

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го пропишал зекатул фитр по месецот рамазан, во количина од еден саʿа, што одговара на четири мудда. Мудд е количина што ја собираат двете дланки на просечен маж. Зекатул фитр се дава во количина од четири вакви мудда – од урми или јачмен – за секој муслиман: слободен или роб, маж или жена, дете или возрасен. Ова се однесува на оној што поседува повеќе од потребното за исхрана за себе и за оние што ги издржува, во текот на еден ден и една ноќ. Наредил да им се подели на сиромашните пред излегувањето на луѓето на бајрамскиот намаз.